РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09 - 1109/1
14 -02- 2020

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и шестата седница одржана на ден 07 февруари 2020 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување во предметот со број 09-3352/1 од 28.06.2019 година, поради тоа што одговорното лице на Центар за култура – Народен театар, кое извршило избор за вработувања повеќе лицата не ја извршува повеќе функцијата директор на Центар за култура – Народен театар.

Предметот со број 09-3352/1 од 28.06.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3352/1 од 28.06.2019 е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител, а се однесува за утврдување постоење судир на интереси во постапка за вработување во Народен театар за повеќе лица, кои се во роднинска врска со поранешниот директор на споменатиот театар.

На седницата одржана на ден 07 февруари 2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека службеното лице кое извршило избор за вработување на гореспоменатите лица, како што е наведено во пријавата, не ја извршува повеќе функцијата директор Народниот Театар, што значи дека Државната Комисија не може да покрене Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, која е единствена мерка во овој случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: м-р Станка Милановска, виш соработник


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk